Архивски број: 08-330/5
Датум: 11.11.2026

Постапувајќи по претставката бр. 08-330/1, заведена на 24.03.2026 година, поднесена од----------, против ----------, ----------, поради дискриминација врз основа на јазик и етничка припадност во областа на правосудството и управата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на член 21 став 1 точка 14 и член 27 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на РСМ“ бр. 258/2020), го донесе следното:

М И С Л Е Њ Е

СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на јазик, во врска со етничка припадност, од страна на ----------, поради нееднакво службено јазично означување и користење на службени називи и обрасци во ---------- ---------- ----------, со изоставување на турскиот јазик и неговото писмо при опслужување на населението од ----------, во која турскиот јазик е во службена употреба.

О б р а з л о ж е н и е

До Комисијата на 24.03.2026 година е доставена претставка од ----------, во која се наведува дека ----------, ---------- ----------, ги користи службените називи и обрасци само на македонски јазик, иако канцеларијата ги опслужува жителите на ----------. Подносителот наведува дека според пописот од 2021 година турската заедница претставува приближно 98% од населението на општината и дека со изоставувањето на турскиот јазик се повредува правото на еднаков третман. Кон претставката е доставен доказ - фотографија од службеното означување на таблата.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, испрати барање за произнесување до ----------, ----------, како и до ----------.

Поднесок за произнесување по претставката до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација достави единствено подрачната канцеларија од ----------. Во истото се наведува дека ---------- работи согласно Законот за матичната евиденција и прописите, упатствата и службените акти на Управата. Се наведува дека вработените немаат законско овластување самостојно да го определуваат или менуваат називот на матичното подрачје, службените табли, печатите, службените обрасци или јазикот на кој се изготвуваат. Според Управата, ---------- е службен назив утврден од надлежниот орган, а во издавањето изводи

и други исправи се користат службено пропишаните обрасци. Управата тврди дека сите граѓани се опслужуваат под еднакви услови, без разлика на национална, етничка или јазична припадност, и дека не е наведено конкретно одбивање издавање документ или понеповолно постапување со подносителот.

По разгледување на претставката, приложената фотографија, поднесокот за произнесување, релевантните законски одредби и расположливите официјални податоци, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го утврди следното:

Согласно правилото за товарот на докажување од Законот за спречување и заштита од дискриминација, подносителот со приложената фотографија и укажувањето на јазичната структура на населението изнел факти што овозможуваат претпоставка за различен третман. Управата, иако ја објаснила внатрешната распределба на овластувањата, не доставила доказ дека спорното означување е усогласено со законските јазични обврски, ниту изложила правно релевантно оправдување за изоставувањето на турскиот јазик.

Од доказите и од самото произнесување произлегува дека употребата на службените називи и обрасци е организирана централно и дека локалните службеници немаат овластување сами да ја менуваат. Но, тоа не ја исклучува одговорноста на ---------- ------- како институција за законито и недискриминаторско организирање на службената комуникација со граѓаните.

При одлучување, Комисијата ја зема предвид нормативната поставеност, и тоа:

Согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, **дискриминација претставува** разликување, исклучување, ограничување или давање првенство врз дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што има за цел или резултат нарушување на остварувањето на правата и слободите на еднаква основа.

Согласно член 8 став 1, **директна дискриминација** постои кога лице или група се третира понеповолно од друго лице или група во споредлива ситуација врз дискриминаторска основа.

Законот за употреба на јазиците, особено член 7, воспоставува правила за означување на институциите и нивните подрачни канцеларии и за употребата на јазиците во зависност од јазичната структура на единиците на локалната самоуправа што ги опслужуваат. За оваа оцена е особено важно дека ---------- врши јавни овластувања поврзани со матичната евиденција за население од ----------, каде турскиот јазик е во службена употреба. Поради тоа релевантна е фактичката територијална надлежност на службата, а не само формалното седиште на подрачната канцеларија. Разликата во третманот не мора нужно да се состои во изречно одбивање

да се издаде извод на граѓанин од конкретното подрачје. Службеното означување и службената комуникација претставуваат дел од начинот на кој граѓаните пристапуваат до јавната управа. Кога еден јазик е институционално застапен, а друг јазик, чија службена употреба е правно релевантна за населението што се опслужува, е изоставен, настанува понеповолен третман врз основа на јазик. Во конкретната средина таквиот третман е поврзан и со етничката припадност на турската заедница.

Комисијата ги ценеше аргументите дека локалните вработени не смеат самостојно да ги менуваат обрасците, таблите и називите. Меѓутоа, непостоењето индивидуална надлежност кај службеникот не претставува објективно и разумно оправдување за пропуштање на надлежната институција да обезбеди усогласена службена употреба на јазиците. Напротив, ова произнесување укажува дека мерките треба да ги преземе надлежното централно раководство на ----------. Општата констатација дека сите граѓани се примаат под исти услови не го побива различниот третман во службеното јазично означување.

Комисијата при правната оцена ги имаше предвид и стандардите на Европскиот суд за човекови права во однос на дискриминацијата врз основа на јазик.

Јазикот е изречно наведена заштитена основа и во член 14 од Европската конвенција за човекови права и во член 1 од Протоколот бр. 12. Особено значајно за конкретниот предмет е што **член 1 од Протоколот бр. 12 воспоставува општа забрана на дискриминација во однос на секое право утврдено со закон и забранува дискриминација од страна на јавна власт**. Европскиот суд нагласува дека оваа заштита се применува и кога од домашното право произлегува јасна обврска јавниот орган да постапи на определен начин. Овој стандард е релевантен за конкретниот предмет затоа што правото на употреба на јазиците и обврските за службено означување не се создаваат непосредно од Конвенцијата, туку од **домашното законодавство**.

Европскиот суд има нагласено дека Конвенцијата сама по себе не гарантира општо право едно лице во секоја ситуација да комуницира со јавните институции на јазик по сопствен избор. Но, **кога домашното право признава определено јазично право или воспоставува обврска за еднаква употреба на службени јазици, начинот на кој тоа право се применува не смее да биде дискриминаторски.**

Особено релевантен е предметот **Paun Jovanović v. Serbia, бр. 41394/15, пресуда од 7 февруари 2023 година**. Во тој предмет, на подносителот му било ограничено користењето на една од двете јазични варијанти кои според домашното право биле во еднаква службена употреба. Европскиот суд утврдил дека тој бил третиран различно од други лица кои ја користеле другата официјална варијанта и дека за таквиот различен третман **не постоело објективно и разумно оправдување**. Иако фактичката состојба во тој предмет не е идентична со конкретниот случај, релевантен е принципот дека **кога домашниот правен поредок воспоставува службен статус и гаранции за**

употреба на јазик, јавната власт мора да ги применува тие правила на недискриминаторски начин. Во конкретниот предмет Управата не наведе легитимна цел, објективна причина или практична пречка што би го оправдала изоставувањето на турскиот јазик од службеното означување, поради што Комисијата оцени дека различниот третман не е оправдан.

Имајќи ги предвид содржината на претставката, приложениот доказ, произнесувањето, законскиот статус на турскиот јазик во матичното подрачје, јавната функција на Управата, како и фактот дека не е понудено објективно и разумно оправдување за изоставувањето на турскиот јазик, Комисијата оцени дека во конкретниот случај се исполнети елементите на **директна дискриминација врз основа на јазик, во врска со етничка припадност, во смисла на член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.**

Согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, *Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.*

Согласно член 8 став 1, *Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.*

Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова мислење и согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ја донесе следната:

П Р Е П О Р А К А

СЕ ПРЕПОРАЧУВА ----------, во рок од 30 дена од приемот на ова мислење, да преземе мерки за усогласување на службеното означување на ---------- ---------- со законските правила за употреба на јазиците, преку испишување на соодветниот службен назив и на турски јазик и неговото писмо, и писмено да ја извести Комисијата за преземените мерки.

СЕ ПРЕПОРАЧУВА ---------- да ги преиспита службените обрасци, известувања и комуникацијата во ---------- и да обезбеди употреба на турскиот јазик во обемот и под условите пропишани со важечките закони, со соодветни организациски насоки за подрачните и месните канцеларии.

Доколку ---------- **не постапи согласно препораката**, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, **ќе поднесе барање за покренување прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.**

Комисија за спречување и заштита
од дискриминација
Претседателка на Комисијата
Флора Кадриу

Доставено до:

-